ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:29-163/7**

**Дата: 30.11.2011**

**ДО**
**ОПШТИНА СОПИШТЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Сопиште за 2010 година.

При ревизијата беа разгледани препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2008 година, при што е утврдено дека најголем дел од препораките не се спроведени. По 2 препораки е постапено, 2 препораки делумно се спроведени и 6 препораки не се спроведени.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2010 година и за усогласеност со закони и прописи изразено е негативно мислење.

Во Општина Сопиште не е во целост воспоставен систем на јавна внатрешна финансиска контрола, што создава ризик од нецелосно и ненавремено утврдување и наплата на приходи од даноци, такси и надоместоци. Постојат пишани процедури за утврдување и наплата на даноците на имот кои во пракса целосно не се имплементираат.
Не е именуван секретар на Општина Сопиште, ваквата состојба го зголемува ризикот од некоординирано и неефикасно раководење со општинската администрација во примената на законите, другите прописи и актите на Општината. Градоначалникот на Општина Сопиште согласно законските прописи да именува секретар на Општината.

Во Општина Сопиште е извршена наплата на приходи со пресметка без да се реализирани преку платниот промет на трезорскиот систем во износ од 2.748 илјади денари.
Одредбите од Законот за градење не се почитуваат целосно, поради што постојат случаи на непресметување или погрешно пресметување на надоместокот за уредување на градежно земјиште, односно издавање на одобрение за градење без да е платен целосно надоместокот за уредување на градежно земјиште и без инструмент за обезбедување на плаќањето.
Во билансот на состојба побарувањата не се реално искажани поради неевидентирани побарувања по основ на комунална такса, а извршениот попис во делот на побарувањата не е целосен поради неутврдена правна основа за постоење и старосна структура на побарувањата. За ненаплатените побарувања во законски утврдените рокови, за данок на имот и комунална такса за фирма, не се преземаат мерки за присилна наплата.
За надминување на утврдените состојби ревизијата даде препораки на градоначалникот и на стручните служби.

Ревизијата го нагласува прашањето за високиот износ на утужени побарувања по основ на долг кон правни и физички лица. Крајниот исход на судските спорови кои се водат против Општината е неизвесен и може да има влијание на солвентноста и ликвидноста на општината.
Во периодот од јуни 2009 година до февруари 2010 година, сметката на основен буџет(630) на општина Сопиште е блокирана по основ на долг, врз основа на налог за извршување.
На Нацрт извештајот не се доставени забелешки од страна на законскиот застапник на субјектот.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 13 и 14 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Сопиште, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2010 година и биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (630) на Општина Сопиште за 2008 година. Изразеното мислење за вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Сопиште под 31 декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум како и мислењето за усогласеноста со закони и прописи е негативно.

1.4.Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Јован Ѓорѓијоски - Градоначалник на Општина Сопиште во 2010 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и

информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на основен буџет (630) на Општина Сопиште се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

**2. Цели и делокруг на ревизијата**

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија, и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали

се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена од 30.06.2011 до 15.07.2011 година, кај Општина Сопиште на сметката на основен буџет (630) од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години - спроведување на препораките.

Ревизијата од точката 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2008 година. Во Прилог 1 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2008 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорното лице на субјектот - предмет на ревизија, на ден 14.09.2011 година.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 29 -163/3 од 18.10.2011 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**4.1. Интерни контроли**
**Интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на сопствените приходи**

4.1.1. При оценка на системот на интерни контроли, во процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината, утврдивме постоење на ризици од нецелосно и неточно утврдување на приходите. Причината за овие ризици произлегува од отсуство на јасно дефинирани и разграничени контролни постапки и надлежности и одговорности на вработените во даночното одделение и во другите служби на општинската администарација чие работење е функционално поврзано со утврдувањето и наплатата на даноците, таксите и надоместоците и отсуство на пишани процедури.
Постои пишана процедура Упатство за пишаните процедури за утврдување и пресметка на даноците на имот и на специфичните услуги, која се однесува исклучиво за даноците на имот, со јасно дефинирани надлежности и одговорности на вработените кои треба да обезбедат доволно ниво на сигурност и спречат ризик од погрешна и нецелосна пресметка кај овие даноци која процедура целосно не се почитува.
Кај процесот на утврдување и наплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште не се донесени пишани процедури со јасно дефинирани надлежности и одговорности на вработените во општинската администрација при утврдувањето, наплатата и контролата на пресметките.
Не се врши контрола односно авторизација на пресметките на надоместокот за уредување на градежно земјиште од страна на раководителот на одделението за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и истите не содржат поткрепувачка документација од која може да се потврди точноста и комплетноста на самата пресметка.
Невоспоставените интерни контроли во процесот на наплата и администрирање на приходите за кои е надлежна општината создаваат ризик од нецелосно, ненавремено утврдување на приходите и грешки во пресметките што не е во согласност со член 5, 6 и 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, согласно кои воспоставувањето на контролни системи како систем на финансиски и други контроли, вклучувајќи методи и процедури на работење овозможува извршување на активностите на транспарентен, правилен, економичен, ефикасен и ефективен начин.
**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Сопиште да донесе пишани процедури за процесите кои не се опфатени со донесените пишани процедури како и да овозможи целосна примена на постојните пишани процедури за пресметување, наплата и контрола на пресметките на даноците на имот и на специфични услуги.
Општинската администрација, во делот на надоместокот за уредување на

градежно земјиште да преземе мерки со цел:
- пресметката да биде поткрепена со документација од која јасно ќе се утврди точноста и комплетноста на самата пресметка;
- раководителот на одделението за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина да врши контрола на пресметките и да ги авторизира.

**4.2. Усогласеност со закони и прописи**

4.2.1. Во општина Сопиште не е назначен секретар на општината, што не е во согласност со член 6-а и член 11 од Законот за државните службеници, иако ова работно место е предвидено во актот за систематизација на Општината. Ваквата состојба го зголемува ризикот од некоординирано, неефикасно и неефективно раководење со општинската администрација во примената на законите, другите прописи и акти на Општината.
**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Сопиште да именува секретар на општината.

4.2.2. Општина Сопиште во Буџетот за 2010 година има планирано приходи и расходи во износ од 151.974 илјади денари. Реализирани се приходи во износ од 45.307 илјади денари и расходи во износ од 39.465 илјади денари, со што остварен е вишок на приходи во износ од 5.842 илјади денари. Планираните приходи се остварени со процент од 29,81%, а расходите со 25.97%.
Согласно член 36 точка 3 од Законот за буџетите и член 29 од Законот за финансирање на единиците за локална самоуправа доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остваруваат како што е предвидено со буџетот, градоначалникот му предлага на Советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс) во годината. Извршен е ребаланс на буџетот во ноември 2010 година, но и понатаму постои значително отстапување на планираните буџетски приходи и расходи со остварените.
Неусогласеноста на остварените со планираните буџетски приходи се должи на нереалното планирање поради непочитување на реалните можности на општината и историските податоци, што дава можност за преземање на обврски за кои реално не се обезбедени средства во буџетот во тековната и нивно пренесување во наредната фискална година истите на крајот на 2010 година се поголеми за два пати во однос на претходната година и се поголеми од едногодишен буџет на општината со што се нарушува и принципот на добро менаџерско управување.
**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Сопиште при планирање на буџетот на општината да овозможи планирање според реалните можности на општината и историските податоци.

4.2.3. Пописот на средствата и изворите на средствата согласно Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници се врши според состојбата во сметководството, преку проверка и потврдување на реалноста на искажаните состојби. Во Општина Сопиште пописот на средствата и изворите на средствата со состојба на 31.12.2010 година не е целосно извршен во делот на побарувањата поради неутврдена правна основа за постоење и старосна структура на истите, што не е во согласност со член 31-в од Правилникот. Неспроведување на пописот во согласност со законската регулатива создава ризик од непотврдување на побарувањата и можност за нереално искажување на билансните позиции и финансиските извештаи.

**Препорака:**

Градоначалникот при донесување на решението за вршење попис, да ја задолжи Комисијата, да изврши попис на побарувањата утврдувајќи ја нивната правна основа и старосна структура со цел навремено преземање мерки од страна на службите за нивна наплата.

4.2.4. Советот на Општина Сопиште за 2010 година нема изготвено и усвоено Програма за уредување на градежното земјиште, а утврдувањето и наплатата на надоместокот за уредување на градежно земјиште е уредено со Одлука за плаќање на комунална такса за изградба на објекти во населените места на Општина Сопиште од април 2003 година. Со Одлуката се утврдени пет зони и тоа за: домување; деловно станбени објекти; викенд, спорт и рекреација; образование, култура социјални и здравствени објекти и стопанство, мало стопанство и деловни објекти, а висината на комуналната такса е утврдена од 7 евра за 1-ва зона до 15 евра за 5-та зона. Зонирањето е одредено према вид на објект, а не според соодветните степени на уреденост на градежното земјиште и не е извршено ажурирање на утврдените висини на надоместокот за уредување на градежно земјиште согласно реалните трошоци направени за соодветните степени на уреденост на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура, што не е во согласност со член 2 и 3 од Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредување.

Горенаведените состојби придонесуваат за постоење ризик од нереално утврдување на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште, што влијае на износот на приходите на Општината по овој основ.

**Препорака:**

Советот на Општина Сопиште да ја утврди висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште според соодветните степени на уреденост на градежното земјиште и да донесе Програма за уредување на градежно земјиште и комунални дејности, со цел да се обезбедат средства за покривање на реалните трошоци при

уредување на градежно земјиште со објекти на комунална инфраструктура по одделни населени места во Општината.

4.2.5. Со ревизијата на утврдување и наплата на даночните приходи и комуналните такси утврдено е дека:

- Данок на имот се пресметува и наплаќа исклучиво за изградени објекти, а не и за неизградено земјиште, кое според категоризацијата на земјиштето припаѓа на територија опфатена со урбанистички планови и подлежи на плаќање на данок на имот. Ваковото постапување не е во согласност со член 3 од Законот за данокот на имот и Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижниот имот;
- Записниците изготвени од Комисијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот не содржат податоци за недвижниот имот (видот, квадратурата и цената) од кои може да се потврди точноста на пресметаната вредност на данокот на имот, утврдена во решенијата издадени од општината. Ваквиот начин на постапување не е во согласност со Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижниот имот и Упатството за пишаните процедури за утврдување и пресметка на даноците на имот и специфични услуги, донесено од страна на градоначалникот на општина Сопиште и
- Доставувањето на решенијата за данок на имот и комунална такса за фирма се врши без доказ за уредна достава, поради што и не се преземаат мерки за присилна наплата. Доставата на решенијата за комунална такса за фирма се врши преку препорачана пошта, но доказ за уредна достава на ревизијата не и е презентиран, поради што, не е можно да се утврди законскиот рок во кој обврзниците се должни доброволно да ја платат комуналната такса и по кој период општината има право на преземање на мерки за присилна наплата. Опомени се доставувани до даночните обврзници за комунална такса за заостанат долг заклучно со 2010 година, повторно без доказ за уредна достава. Непреземањето мерки за уредна достава на даночните решенија ја оневозможува присилната наплата на даноците на имот и комунална такса, што не е во согласност со член 53, 54 и 55 од Законот за даноците на имот.

Утврдените неправилности од страна на ревизијата во пресметката и наплатата на даночните приходи и комунални такси, го зголемуваат ризикот од нецелосност и некомплетност и придонесуваат за остварување на помалку приходи по овие основи.

**Препорака:**

1. Градоначалникот на Општина Сопиште да преземе мерки за целосна примена на Упатството за пишаните процедури за утврдување и пресметка на даноците на имот и специфични услуги;

2. Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот во целост да ја применува Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижниот имот;
3. Одделението за финансии, даноци и комунални такси на Општина Сопиште да преземе мерки за обезбедување на доказ за уредна достава на решенијата за данок на имот и комунална такса за фирма до даночните обврзници како и мерки за присилна наплата на побарувањата;

4.2.6. Согласно Законот за јавна чистота, за одржување на јавната чистота се плаќа надоместок, а висината на надоместокот ја утврдува Советот на општината со посебна одлука. Од страна на Советот на општина Сопиште, донесена е Одлука за одржување на јавната чистота, во која не е утврдена висината на надоместокот, што не е во согласност со член 24 и 25 од Законот за јавната чистота, поради што и Јавното комунално претпријатие не наплатува надоместок за одржување на јавната чистота од домаќинствата. Ваквата состојба влијае врз помалку остварени приходи во буџетот на Општина Сопиште.
**Препорака:**
Советот на општина Сопиште да ја утврди, висината на надоместокот за одржување на јавна чистота, како би можело јавното претпријатие да врши наплата по овој основ.

**4.3. Финансиски извештаи**

4.3.1. Во текот на 2010 година дел од наплатата на приходите, во износ од 2.748 илјади денари или 6% од буџетот е извршено преку пресметки (цесии и компензации), кои не се реализирани преку платниот промет на трезорскиот систем. Ваквиот начин на наплата/исплата на приходите/расходите не е во согласност со член 18 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Непочитувањето на законските прописи придонело за вршење на платен промет надвор од трезорскиот систем како и за нереални приходи и расходи и го нарушува принципот на сметководственото начело на парично искажување.
Овој наод се однесува и на сметката на основен буџет (637).
**Препорака**
Да се почитува буџетскиот принцип на искажување на приходите и расходите и при плаќања со пресметка задолжително истите да се поминуваат преку платниот промет на трезорскиот систем.

4.3.2. Општина Сопиште на инвеститорите им овозможува надоместокот за уредување на градежно земјиште да го плаќаат на рати. Имено, овозможено е во склучените договори со инвеститорите плаќање на рати на надоместок за

уредување на градежно земјиште во вкупен износ од 4.274 илјади денари. Договорениот начин на плаќање не е гарантиран со инструмент за обезбедување на плаќањето и издадено е одобрение за градење без да е платен целосно надоместокот за уредување на градежно земјиште, што не е во согласност со член 59 од Законот за градење, согласно кој плаќањето на рати задолжително мора да е обезбедено со инструмент за обезбедување на плаќањето. Ваквиот начин на постапување придонесува за остварување на помалку приходи по основ на надоместок за уредување на градежно земјиште и ограничување на планираните активности на Општината.

**Препорака:**

При плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште на рати во Програмата за уредување на градежно земјиште да се утврди гаранција за начинот на плаќање преку инструмент за обезбедување на плаќањето (банкарска гаранција или хипотека).

4.3.3. Проценетата вредност на позицијата Побарувања е нереално и необјективно прикажана поради следното:

- Во сметководствената евиденција на општина Сопиште, побарувањата по основ на комунална такса за фирма не се евидентирани, што не е во согласност со член 2 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Исто така, во даночната евиденција побарувањата по основ на комунална такса за фирма се евидентираат со задоцнување од една година. Причина за ваквата состојба е некоординираноста помеѓу даночното одделение и сметководството и
- Побарувањата по основ на надоместок за уредување на градежно земјиште се помалку искажани за 1.889 илјади денари поради погрешно изготвена, неизготвена пресметка и неевидентирано побарување што се должи на непостоењето на интерни контроли.

Неевидентирањето на побарувањата не е во согласност со член 2 и 19 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и придонесува за нереални и некомплетни финансиски извештаи.

**Препорака:**

Надлежните од сметководството да вршат навремено евидентирање на побарувањата по основ на надоместок за уредување на градежно земјиште и комунална такса.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точките 4.2.3., 4.2.5. и 4.3., а кои се однесуваат на неизвршен попис на побарувањата, непресметан или погрешно пресметан данокот на имот, надоместок за уредување на градежно земјиште и неажурна

сметководствена евиденција, ревизијата не беше во можност да изврши квантификација на ефектите кои би имале влијание врз финансиските извештаи.

**5. Ревизорско мислење**

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.3. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на општина Сопиште на ден 31 декември 2010 година.

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финасиските извештаи на сметката на основен буџет (630) на Општина Сопиште во сите материјални аспекти, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**6. Нагласување на прашања за неизвесност**

Обрнуваме внимание дека Општина Сопиште е тужена страна во судски спорови со повеќе правни и физички лица (15), чија вкупна вредност изнесува 7.415 илјади денари. Најголемиот дел од споровите се по основ на долг кон правни и физички лица, во вредност од 5.865 илјади денари. Останатите тужби се по основ на работни спорови и надомест на штета.

Во моментов, конечниот исход по ова прашање не може да се утврди и не е направено резервирање за било каква обврска која може да произлезе во финансиските извештаи.

Скопје, 25.11.2011 година

ОПШТИНА СОПИШТЕ
СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 18.406 | 15.231 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 1.681 | 1.078 |
| Капитални приходи | 3.3. | 4.312 | 4.866 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 10.908 | 18.488 |
| Домашно задолжување | 3.5. | 10.000 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **45.307** | **39.663** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.6.1. | 10.432 | 12.434 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.6.2. | 87 | 15 |
| Стоки и услуги | 3.6.3. | 14.644 | 6.460 |
| Субвенции и трансфери | 3.6.4. | 1.299 | 336 |
| Социјални бенефиции | 3.6.5. | 31 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **26.493** | **19.245** |
| **Капитални расходи** | 3.7. | 12.972 | 20.395 |
| **Вкупно расходи** | | **39.465** | **39.640** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **5.842** | **23** |

ОПШТИНА СОПИШТЕ
СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 5.842 | 23 |
| Побарувања | 4.1.2. | 6.324 | 5.074 |
| **Вкупно тековни средства** | | **12.166** | **5.097** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **12.166** | **5.097** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 12.166 | 5.097 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **12.166** | **5.097** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **12.166** | **5.097** |

**Преглед 1**

## Резултати

**од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2008 година на Општина Сопиште за сметката (630)**

| Бр./врска на наодот/ препораката во конеч. изв. на ОДР | Наод | Ревизорска област Препорака | Статус на препораката | Коментар на ревизорот/субјектот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | **10.1. Систем на интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината** | | | |
| | 10.1.1. Општина Сопиште нема воспоставено интерни контроли во процесите на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината поради што е утврдено постоење на ризик од нецелосно и неточно утврдување и наплата на | Градоначалникот на општина Сопиште:<br><br>- да донесе пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите при | Делумно спроведена | Изготвено упатство бр 08 – 942/3 од 15.10.2009. Упатството се однесува само за даноците на имот не се имплементира во целост.<br>Не се донесени пишани процедури за утврдување и наплата на приходите по основ |

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | приходите. Општо, за сите приходи е утврдено дека:<br>- не се изготвени пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите при утврдувањето и контролата на пресметките за утврдување на даноците на имот и на специфични услуги на сите вработени во организациони единици на општинската администрација вклучени во утврдувањето и наплатата на приходите. Не постои разграничување на надлежностите во фазата на утврдување, пресметка, контрола и наплата на приходите, односно не се врши контрола на висината на пресметаните даноци и надоместоци;<br>- работните задачи во Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Сопиште не се јасно утврдени, не постои разграничување на надлежностите | утврдување и пресметки на даноците на имот и на специфични услуги на сите вработени во општинската администрација вклучени во утврдувањето и наплатата на даноците, со посебна нагласка на контролата на сите чекори во постапката.<br><br>Одделението за финансии, даноци и комунални такси во општина Сопиште:<br><br>- пред изготвувањето на поединечните даночни решенија за данок на имот да изготвува авторизирани облагателни листи (потврдени од задолжените лица, раководителот на одделението и градоначалникот). | | на комунални такси.<br><br>Облагателната листа е авторизирана, но пресметката не е согласно Упатството бр.08-942/3 од 15.10.2009.<br>Донесен е Правилник за систематизација на работните места во општинската администрација во Општина Сопиште бр.01-666/1 од 24.02.2010, со јасно утврдени и разграничени надлежности и одговорности. |

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ____________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | и одговорностите, така што не обезбедуваат функционирање на системот на интерни контроли.<br>Невоспоставените контролни постапки при утврдување на висината на обврските, придонесува за постоење ризик од помалку наплатени приходи во корист на Општината и ограничување на планираните активности на Општината. | | | |
| | **10.2. Неправилна примена на акти** | | | |
| | 10.2.1. Не се спроведени законските обврски утврдени со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор:<br><br>- за одредување одговорен сметководител, кој заедно со градоначалникот е одговорен за примената на одредбите од | Градоначалникот на општината:<br><br>- да одреди одговорен сметководител, и<br>- да склучи договор за вршење внатрешна ревизија од единица за внатрешна ревизија од друг субјект во јавниот сектор по претходна согласност од Министерството за | Спроведена | Склучен е Договор за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Сопиште и Кисела Вода бр. 03-193/1 од 18.01.2011 за давање интелектуални услуги од областа на внатрешната ревизија. |

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________________________
*2.* ____________________________ ____________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници,<br>- за воспоставување систем и процедури за внатрешна ревизија. Во актот за организација, делокруг и начинот на извршување на задачите на општинската администрација донесен во март 2008 година е уредено дека внатрешната ревизија во општината ќе ја врши внатрешен ревизор од друг субјект од јавниот сектор, меѓутоа, оваа одредба не е спроведена бидејќи се очекува согласност од Министерството за финансии.<br><br>Не спроведувањето на законските одредби во однос на одредување одговорен сметководител и ангажирање внатрешен ревизор ја намалува контролата на трошењето на средствата од буџетот и го зголемува ризикот од плаќања кои не се во согласност со законските прописи. | финансии. | | |
| | 10.2.2. Општина Сопиште во | Градоначалникот на | Не спроведена | Се уште не е постигната |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Буџетот за 2008 година има планирано приходи и расходи во износ од 151,974 илјади денари. Во текот на годината се реализирани приходи во износ од 47,059 илјади денари, расходи 39,239 илјади денари, и е остварен вишок на приходи во износ од 7,820 илјади денари. Приходите се остварени со 28% во однос на планираниот износ, а расходите со 23%. Согласно законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остваруваат во планираниот обем, градоначалникот на општината му предлага на советот измени и дополнувања на буџетот, меѓутоа, во 2008 година не е извршен ребаланс на буџетот.<br>Неусогласеноста на остварените буџетски приходи и расходи со планираните создава можност од преземање на обврски за кои реално не се обезбедени средства во буџетот и нивно пренесување во | Општината да воспостави редовна комуникација со органите на републичко ниво во чија надлежност се активности од кои зависат одредени функции на Општината заради нивно попрецизно планирање и усогласување на финансиските планови. | | усогласеноста на остварените буџетски приходи и расходи со планираните.<br>Приложен е четвртиот квартален извештај за извршување на буџетот на општина Сопиште за период 01.01. – 31.12.2010 од кој се гледа дека во текот реализираните приходи се под планираниот износ за 71,29%, а расходите за 74,03%. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | наредната фискална година.<br>Високото ниво на планираниот буџет во Општината се објаснува со очекувањата дека во текот на 2008 година ќе отпочне реализацијата на проектот "Сончев Град" поради што е планирано остварување на надоместокот за уредување на градежното земјиште во износ од 123,849 илјади денари, како и зголемено ниво на другите приходи кои општините ги остваруваат во врска со издавањето одобренија за градби. Истовремено, планирани се и трошоци за изградба на системи за водоснабдување во износ од сто милиони денари. | | | |
| | 10.2.3. Општина Сопиште нема донесено Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општината за 2008 година, што како обврска произлегува од Законот за градежно земјиште.<br>Со оглед на фактот дека во Програмата, меѓу останатото треба | Советот на Општината да донесе Програма за уредување на градежното земјиште, со содржина утврдена во Законот за градежно земјиште. | Не е спроведена | Советот на Општината се уште нема донесено Програма за уредување на градежното земјиште. За 2010 година е изготвениот нацрт не е разгледуван и донесен од страна на Советот.<br>Висината на комуналната такса за изградба на објекти во |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | да се содржани податоци за обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура, за трошоците за уредување на градежното земјиште, висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште и неговата распределба, начинот на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата, не донесувањето на Програмата влијае на реалноста на прибраните средства од граѓаните, планираните средства во Буџетот за уредување на градежното земјиште и ненаменско користење на буџетските средства. | | | населените места на општината се одредуваат согласно Одлука бр 07-282 од 03.04.2003. |
| | 10.2.4. Не се преземаат мерки на присилна наплата на пристигнатиот даночен долг и комуналните такси за истакнување фирми што даночниот обврзник не ги платил доброволно во пропишаниот рок | Одделението за правни работи, во соработка со одделението за финансии, даноци и комунални такси, да преземе мерки за присилна наплата на побарувањата. | Не е спроведена | Во 2010 не е извршена присилна наплата, доставувани се опомени, без доказ за уредна достава. |

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________

*2.* ______________________ ____________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | утврдени во Законот за даноците на имот, што се објаснува со слабата платежна моќ на населението.<br>Отсуството на активности и мерки за присилна наплата на даночниот долг, придонесува за постоење ризик од помалку и ненавремено наплатени приходи и ограничување на планираните активности на Општината. | | | |
| | 10.2.5. Согласно Законот на даноците на имот, пазарната вредност на недвижниот имот која претставува основа на данокот на имот се утврдува според Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот.<br>Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот формирана од Советот на Општина Сопиште не ги применува во целост елементите за проценка на вредноста на недвижноста содржани во Методологијата (не се | Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот:<br><br>- целосно да ја применува Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, особено во делот на елементите за проценка на вредноста на недвижноста;<br><br>- проценката да ја верификуваат сите членови на комисијата;<br>во вредноста на даночната | Не е спроведена | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | проценуваат елементи кои задолжително ги има во градбите). Пресметките на пазарната вредност на недвижноста што ги изготвува Комисијата во одредени случаи не се потпишани од членовите, што го доведува во прашање нејзиното регуларно работење. Неприменувањето на елементите за проценка на недвижниот имот, како и неавторизираните проценки, ги става во нерамноправна положба обврзниците за плаќање на даноци на имот и предизвикува ризик од помалку остварени приходи во општинскиот буџет. Согласно Законот за даноците на имот, во недвижен имот се вбројуваат земјишта и згради. Во општина Сопиште, данок на имот се пресметува и се наплатува само за изградени објекти, а не и за земјиштето кое го имаат даночните обврзници кое според категоризација на земјиштето припаѓа на територија опфатена со | основа да ја вклучува вредноста на градежното земјиште. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | урбанистички планови и подлежи на плаќање на данок на имот. Ова влијае на утврдување и остварување на помалку даночни приходи во Буџетот на Општината. | | | |
| | 10.2.6. Цените за утврдување на пазарната вредност на земјиштето на територија на општина и за издавање под закуп на деловен простор во сопственост на општината не се усвоени од Советот на Општината како надлежен орган за утврдување на висината на даночните стапки и надоместоци врз основа на што општината ги утврдува своите изворни приходи. Проценката се врши врз основа на цени на земјиштето утврдени од комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот, односно врз основа на цени за закупнина утврдени од Комисијата за издавање под закуп на деловен простор.<br><br>Утврдувањето на цените врз | Советот на Општината да донесе акти за утврдување на:<br><br>- цена на земјиштето на територијата на општина Сопиште<br>- висината на надоместокот за издавање под закуп на деловен простор во сопственост на општина Сопиште. | Спроведена | Одлука за утврдување на висината на пазарната вредност на недвижен имот- неизградено градежно земјиште бр.07-2163/1 од 22.07.2009<br><br>Одлука за утврдување на висината на надоместокот за издавање под закуп на деловен простор во сопственост на општина Сопиште бр.07-2529/ 6 од 02.09.2009 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | основа на акти донесен од ненадлежен орган, може да придонесе за нееднаква примена на утврдените вредности. | | | |
| | **10.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела** | | | |
| | 10.3.1. Општина Сопиште има склучено договори за издавање под закуп на деловен простор во сопственост на општината, за кои одделението за финансии, даноци и комунални такси не издава месечни фактури кон корисниците. Не е воспоставена ниту евиденција на побарувањата по овој основ, што како ефект има помалку наплатени приходи, како и помалку искажани побарувања во Билансот на состојба. | Одделението за финансии, даноци и комунални такси да воспостави пракса за издавање на месечни фактури кон корисниците на деловен простор и нивна сметководствена евиденција. | Не е спроведена | Не се фактурира. |
| | **10.4. Неправилности во искажувањето на позициите приходите/расходите** | | | |
| | 10.4.1. Со министерствата кои учествуваат во финансирањето на проектите „Чистење на депонии на територија на општина Сопиште" и | Раководителот на одделението за финансии, даноци и комунални такси договорите за цесии да ги | Не е спроведена | Продолжува праксата, склучени цесии да не се поминати низ трезор. |

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ______________________
*2.* ______________________ ____________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | „Изградба на водовод во село Патишка Река“ склучени се договори за цесии заради плаќање на обврските на општината спрема избраните добавувачи. Платените обврски со цесии на општина Сопиште се во износ од 3,000 илјади денари.<br>Договорите за цесии не се реализирани преку прометот на трезорската сметка на Буџетот на општина Сопиште, така што само евидентно се искажани промени во трошоците и приходите како на сметката на Буџетот, така и на сметката на Органот.<br>Ваквиот начин на проценување на трошоците и приходите не е во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и принципот на парично искажување на промените и има за ефект нереално искажување на позициите од Билансот на приходи и расходи. | реализира преку трезорската сметка како и сите други обврски. | | |
| | **10.5. Неправилности во** | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **искажувањето на позициите во Билансот на состојба** | | | |
| | 10.5.1. Во Билансот на состојба на 31 декември 2008 година не се искажани побарувања по основ на:<br>- данок на имот за кој во Општината нема податок колку изнесува на крајот на годината;<br>неплатена комунална такса за истакната фирма во износ од 616 илјади денари по решенија од 2007 и 2008 година;<br>- неплатени локални такси за приклучоци кон водоводна и фекална мрежа во износ од 184 илјади денари поради неевидентирани договори од 2007 и 2008 година.<br>Непостоење на евиденција за побарувањата што општина Сопиште ги има од други субјекти влијае општинската администрација да не презема навремени мерки за нивна наплата (опомени, присилна наплата), што создава ризик од помалку наплатени приходи, | Одделението за финансии, даноци и комунални такси да воведе поединечна евиденција на побарувањата по сите основи, додека побарувањата за данокот од имот да се евидентираат збирно врз основа на решенијата за плаќање на данок на имот.<br>Одделението за правни работи навремено да презема мерки за редовна наплата на побарувањата. | Делумно спроведена | Постои евиденција на побарувања по основ на данок на имот. Побарувањата по основ на комунална такса за истакната фирма не се сметководствено евидентирани. Опомени по даночните решенија се доставуваат без доказ за уредна достава и не се преземаат мерки за присилна наплата. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | нивно неточно планирање и неисполнување на програмите . | | | |

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ____________________